Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 52 од Законот за јавните патишта (,,Службен весник на РМ“ бр.84/08 ) и членот 23 од Статутот на општината Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на 30.11.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка за 2013 година**

Заради потребите на градот но и за поголема безбедност на сообраќајот, се изработи Елаборат за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка и Елаборат за измена и дополнлување на елаборатот за режим на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка.

Во изминатата година се реализираа следните активности:

- Се направи измена и дополнување на Елаборатот за режимот во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка, се поставуваше вертикална и хоризонтална сигналилзација во централното градско подрачје на улица „Св. Јоаким Осоговски“ и се изврши ажурирање на списокот за улици и броеви во градот Крива Паланка.

Во Програмата за 2013 година се предвидува измена и дополнување на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка, и реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка.

Горе наведените активности се поделени во четири фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Во првата фаза е изменување и дополнување на Елаборатот за режимот на сообраќај на поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка;
2. Во втората фаза ќе се поставува вертикална и хоризонтална сигнализација на улицата „Св.Јоаким Осоговски“ од раскрсницата кај Мотел Македонија:
3. Во третата фаза ќе се поставува вертикална и хоризонтална сигнализација на останатие улици во централно градско подрачје на Крива Паланка.
4. Во четврта фаза поставување на табли за име на улици и табли за нумерирање на објекти со броеви од централното градско подрачје кон периферијата

За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:

Прва фаза ---------- 250.000,00 денари
Втора фаза ---------- 880. 000,00 денари
Трета фаза ---------- 620. 000,00 денари и
Четврта фаза---------- 500.000,00 денари.

**ВКУПНО: 2.250.000,00 ден.**

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка ..... 1 000 000,00
2. Сраества од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори) ..... 1.250.000,00

ВКУПНО: **2.350.000,00 ден.**

**Бр. 07-3586/27**
**30.11.2012 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Милка Митовска**